# ЗАКОН ЗА ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ
**Пречистен текст**
**("Службен весник на РМ ", бр. 113/07, 22/08 ,159/08, 133/09, 145/10, 35/11 и 11/12)**

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој закон се уредува платниот промет во земјата (во натамошниот текст: платен промет), односите помеѓу носителите на платниот промет и учесниците во платниот промет, односите помеѓу носителите на платниот промет и Народна банка на Република Македонија во делот за платниот промет, платните системи, порамнувањето на плаќањата, издавањето на електронски пари и надзорот на платните системи.

**Член 2**

Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

1) **"Платен промет"** се плаќања во денари што ги вршат учесниците во платниот промет преку носителите на платниот промет.

2) **"Учесник во платниот промет"** е домашно или странско, правно или физичко лице кое врши регистрирана дејност или друго физичко лице, кое врши плаќања во денари преку носителите на платниот промет.

3) **"Плаќање" е:** уплата на готови пари на трансакциска сметка, пренос на средства од една трансакциска на друга трансакциска сметка и исплата на готови пари од трансакциска сметка.

4) **"Трансакциска сметка"** е сметка која претставува единствен и неповторлив нумерички податок кој служи за идентификација на учесникот во платниот промет, а преку која истиот врши плаќања.

5) **"Блокирана трансакциска сметка"** е трансакциска сметка на учесник во платниот промет за кој има евидентирано неизвршено решение за присилна наплата.

6) **"Платен инструмент"** е налог со кој учесникот во платниот промет му наложува на носителот на платниот промет да изврши плаќање.

7) **"Содржина на платен инструмент"** е збир на елементи на платниот инструмент кои носат информации за негова идентификација и негово извршување.

8) **"Медиум за пренос"** е носител на информации кој содржи платен инструмент и овозможува платниот инструмент да е достапен во пропишан временски период.

9) **"Форма на платен инструмент"** е распоред на елементите на платниот инструмент.

10) **"Решение за присилна наплата"** е налог за извршување од извршител, правосилна судска одлука за дозвола за извршување, извршно решение за казна за прекршок, извршно решение за наплата на јавни давачки или решение на други органи овластени со закон.

11) **"Плаќање со пресметка"** претставува меѓусебно намирување на паричните обврски и побарувања помеѓу учесниците во платниот промет со компензација,

асигнација, цесија, преземање на долг и други облици на меѓусебно намирување на обврски и побарувања.

12) **"Конечност на плаќање"** е момент кога примачот на средствата може да располага со нив.

13) **"Расположиви средства"** се сите средства на денарските и девизните трансакциски сметки на учесникот во платниот промет - должник, кај носителот на платниот промет, од кои се извршуваат решенијата за присилна наплата, освен средствата на сметките со посебна намена кои се издвоени согласно со закон или пропис донесен врз основа на закон, и средствата одобрени врз основа на договор со банката за дозволено негативно салдо на сметката.

14) **"Електронски пари"** се парична вредност претставена како побарување од издавачот која е: сместена на електронски уред; издадена врз основа на прием на пари во износ кој не е помал од вредноста на издадените електронски пари и е прифатена како средство за плаќање од страна на лица кои не се издавач на тие пари.

15) **"Трезорска сметка"** е трансакциска сметка која содржи систем на сметки кои се водат во Трезорската главна книга.

16) **"Здравствена трезорска сметка"** е трансакциска сметка која содржи систем на сметки кои се водат во Здравствената главна книга и

17) **„Надзор на платниот систем“** е функција која е насочена кон постигнување на целите поврзани со сигурноста и ефикасноста на платните системи преку процес на следење на постојните и планираните аранжмани, проценувајќи ги нив наспроти целите и политиките.

## II. НОСИТЕЛИ НА ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ

### Член 3

Носители на платниот промет се Народната банка на Република Македонија (во натамошниот текст: Народна банка), банките кои добиле согласност за вршење на платен промет согласно со закон и филијали на странски банки и Трезорот при Министерството за финансии (во натамошниот текст:Трезор), како посебен носител на платен промет за буџетските корисници и единките корисници и Трезорот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, како посебен носител на платниот промет на здравствените установи (во натамошниот текст: Трезор на Фондот).

### Член 4

Носителот на платниот промет е должен да обезбеди:

1) единствена трансакциска сметка за порамнување во Народна банка;

2) водечки број преку кој може единствено да се идентификува;

3) порамнување на платните инструменти на учесниците во платниот промет во текот на денот, а најмалку на крајот на денот согласно со терминскиот план на системот за порамнување на Народната банка;

4) правила и процедури за користење на услугите кои ги нуди на учесниците во платниот промет;

5) рамноправност и еднаков третман на сите учесници во платниот промет;

6) сигурност и оперативна достапност;

7) процедури за навремено завршување на обработка, во случај на технички проблеми;

8) тајност на податоците за состојбата на трансакциската сметка согласно со закон;

9) заштита на податоците за сопственикот на трансакциската сметка;

10) сигурен и ефикасен пренос на средства меѓу учесниците во платниот промет, и

11) известување на учесниците во платниот промет за состојбата и промените на нивните трансакциски сметки, најдоцна наредниот работен ден по настанување на промената.

**Член 5**

Народната банка, како носител на платниот промет, ги врши следниве работи:

1) организира систем за порамнување помеѓу носителите на платниот промет;

2) отвора и води трансакциски сметки на банките, депозитни сметки на брокерските друштва и други сметки кои со закон е пропишано да се водат во Народната банка и врши плаќање од сметки;

3) отвора и води и други трансакциски сметки, доколку со закон поинаку не е определено;

4) отвора и води трезорска сметка;

5) води пресметковни трансакциски сметки за операторите на платните системи;

6) пропишува стандард за конструкција на сметките на учесниците во платниот промет;

7) доделува водечки број на носителите на платниот промет;

8) го определува износот на плаќањето кое е мало меѓубанкарско плаќање;

9) води регистар на трансакциски сметки во својот систем;

10) извршува решенија за присилна наплата кои се однесуваат за трансакциски сметки што ги води, и

11) го уредува начинот на водењето и содржината на единствениот регистар на трансакциски сметки.

**Член 6**

Банките и филијалите на странски банки како носители на платениот промет ги вршат следниве работи:

1) отвораат и водат трансакциски сметки на учесниците во платниот промет и вршат плаќања од сметки;

2) водат регистар на трансакциски сметки во нивниот систем, и

3) извршуваат решенија за присилна наплата кои се однесуваат за трансакциски сметки што ги водат.

**Член 7**

(1) Трезорот како посебен носител на платниот промет освен работите утврдени со член 38 од Законот за буџетите ги врши и следните работи:

1) отвора и води сметки на буџетските корисници, единките корисници и на други институции во согласност со закон;

2) води регистар на сметки во неговиот систем;

3) ги врши плаќањата од сметките во рамки на Трезорската главна книга преку Трезорската сметка;

4) задолжува сметки во рамки на Трезорската сметка врз основа на договорни овластувања и

5) задолжува сметки во рамки на Трезорската сметка во случај на исправка на грешка од страна на Трезорот;

(2) Формата и содржината на обрасците за плаќање што ги користат буџетските корисници и единките корисници, како и постапката за исправка на грешка направена при вршење на платниот промет ги пропишува министерот за финансии.

**Член 7-а**

(1) Трезорот на Фондот како посебен носител на платниот промет на здравствените установи освен работите утврдени со член 69-ѓ од Законот за здравственото осигурување ги врши следните работи:

1) отвара и води сметки на здравствените установи;

2) води регистар на сметки во неговиот систем;

3) врши плаќање од сметките во рамките на Здравствената главна книга преку Здравствената трезорска сметка;

4) задолжува сметки во рамките на Здравствената трезорска сметка врз основа на договорените овластувања и

5) задолжува сметки во рамките на Здравствената трезорска сметка во случај на исправка на грешка од страна на Трезорот на Фондот.

(2) Формата и содржината на образците за плаќање што ги користат здравствените установи, како и постапката за исправка на грешка направена при вршење на платниот промет ги пропишува министерот за финансии.

**Член 8**

(1 Решенијата за присилна наплата кои ги задолжуваат трезорската сметка или здравствената трезорска сметка, односно сметката на должникот која се наоѓа во рамките на Трезорската главна книга или Здравствената главна книга, Народна банка ги извршува така што по истите изготвува налози за извршување кои ги доставува за извршување до Трезорот или Трезорот на Фондот.

(2) Начинот на извршување на налозите од став (1) на овој член кога се задолжени Трезорската сметка или Здравствената трезорска сметка, односно сметката на должникот која се наоѓа во рамките на Трезорската сметка или Здравствената трезорска сметка, ги пропишува министерот за финансии.

**Член 9**

(1) Трезорот или Трезорот на Фондот ги информира операторите на платните системи за сметките кои се водат во Трезорската главна книга или во Здравствената главна книга.

(2) Клириншката куќа која го води единствениот регистар на трансакциски сметки ги доставува податоците од истиот до Трезорот.

## III. ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ НА ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ

### Член 10

(1) Платниот промет се извршува единствено преку трансакциски сметки кои се пријавени во единствениот регистар на трансакциски сметки.

(2) Не е дозволено плаќање помеѓу учесниците во платниот промет кое не се извршува преку трансакциски сметки.

### Член 11

Носителот на платен промет ќе дозволи исплата на платата на учесникот во платниот систем само ако претходно за истата се платени данокот и придонесите.

### Член 12

(1) Носителот на платниот промет, за вршење на работите во платниот промет, отвора трансакциска сметка на учесникот во платниот промет на негово писмено барање.

(2) Учесникот во платниот промет може да има повеќе трансакциски сметки кај еден носител на платен промет.

(3) Учесникот во платниот промет може да има трансакциски сметки кај повеќе носители на платниот промет.

(4) Начинот и постапката за отворање и затворање на трансакциската сметка од став (1) на овој член ги пропишува гувернерот на Народна банка .

### Член 13

(1) Носителот на платниот промет ја затвора трансакциската сметка на учесникот во платниот промет на негово писмено барање доколку се исполнети пропишаните услови, врз основа на судско решение или по налог на надлежен орган.

(2) Трансакциската сметка која нема салдо и промени во последните 2 години и не е блокирана, носителот на платниот промет е должен да ја укине, за што задолжително го известува учесникот во платен промет.

### Член 14

Учесникот во платниот промет е должен за настанатите статусни и други промени писмено да ги извести носителите на платниот промет кај кои има трансакциска сметка најдоцна во рок од 3 дена од денот на донесувањето на одлука за статусните и други промени .

### Член 15

(1) Носителот на платниот промет е должен податоците за промените во својот регистар на трансакциски сметки да ги достави до единствениот регистар на трансакциски сметки истиот ден а најдоцна до крајот на работното време на единствниот регистар на трансакциски сметки.

(2) Податоците за промените во регистарот на трансакциски сметки, единствениот регистар на трансакциски сметки ги доставува до Централниот регистар на Република Македонија во рокот утврден во став (1) од овој член.

(3) Единствениот регистар на трансакциски сметки го води клириншка куќа која ја определува Министерството за финансии.

### Член 16

Податоците од единствениот регистар на трансакциски сметки може да се користат под услови утврдени со овој и со друг закон.

**Член 17**

(1) За вршење на платниот промет се користат платни инструменти.

(2) Формата на платните инструменти на медиумите за пренос претставува предмет на договор меѓу носителот на платниот промет и учесникот во платниот промет.

(3) Платните инструменти и нивната содржина и форма, освен формата на платните инструменти содржани во медиумите за пренос, ги пропишува министерот за финансии.

**Член 18**

(1) Плаќањето преку трансакциски сметки се врши врз основа на платен инструмент.

(2) Платен инструмент на товар на сметка може да издаде:

1) учесникот во платниот промет - имател на сметката;

2) носителот на платен промет, врз основа на договорни овластувања и решенија за присилна наплата;

3) носител на платен промет за исправка на грешка направена од носител на платен промет, со исклучок на Трезорска сметка и

4) Трезорот при Министерството за финансии, за сметки во рамки на Трезорската сметка и

5) Трезорот на Фондот за сметки во рамките на Здравствената трезорска сметка.

(3) Постапката за исправка на грешка направена од носител на платен промет од став (2) точка 3 на овој член ја пропишува гувернерот на Народна банка

**Член 19**

1) Плаќањето по платниот инструмент се извршува доколку на трансакциската сметка на чиј товар се издава платниот инструмент има покритие.

2) Под покритие на трансакциска сметка се подразбира состојбата на трансакциската сметка од претходниот ден зголемена за приливот на средства во текот на денот и за средствата одобрени врз основа на договор со банката за дозволеното негативно салдо на сметката, намалено за плаќањата во текот на денот до моментот на утврдување на покритието.

**Член 20**

(1) Учесникот во платниот промет може за плаќање во готово да подига од сметките и да држи во својата благајна пари во готово во висина на благајничкиот максимум.

(2) Висината на благајничкиот максимум ја утврдува учесникот во платниот промет со посебен акт.

(3) Учесникот во платниот промет - правно лице е должен сите парични средства од дневниот пазар примени во готово по која и да било основа да ги уплати најдоцна наредниот работен ден на својата трансакциска сметка.

(4) Плаќањето на производи и услуги во готово од страна на правни лица не може поединечно да биде повеќе од 6.000 денари.

**Член 21**

(1) Носителот на платниот промет е должен да ги извршува решенијата за присилна наплата во согласност со закон. Носителот на платен промет е должен да постапи по решенијата за присилна наплата најдоцна наредниот работен ден од денот на приемот на решението.

(2) Решенија за присилна наплата се заведуваат во евиденции според датумот и времето на нивното пристигнување и по ист редослед се извршуваат.

**Член 22**

(1 ) Решението за присилна наплата се доставува до носителот на платен промет назначен во решението за присилна наплата.

(2) Носителот на платен промет го извршува решението за присилна наплата доколку се точно наведени податоците од кои може со сигурност да се идентификуваат сите елементи на решението. Во спротивно, го враќа на органот кој го издал решението за допрецизирање.

(3) Носителот на платен промет го извршува решението за присилна наплата од сите расположиви средства, од учесникот во платниот промет - должник кај носителот на платен промет.

(4) Доколку учесникот во платниот промет - должник на денарските сметки нема средства за целосно извршување на решението за присилна наплата, носителот на платен промет со примена на среден курс на Народната банка кој важи на денот на трансакцијата, врши конверзија во денари на средства од девизни сметки и пренос на денарската сметка на учесникот во платен промет - должник до износот потребен за целосно извршување на решението за присилна наплата.

(5) Во случај на недостиг на средства за потполно извршување на решението за присилна наплата, носителот на платниот промет го извршува решението до висината на расположивите средства и ја блокира сметката и со доставување на даночниот број на учесникот - должник преку единствениот регистар на трансакциски сметки ги известува сите други носители на платен промет декане смеат да вршат плаќања од средствата на денарските и девизните сметки на учесникот - должник до потполно извршување на решението, освен налози со кои се врши пренос на средствата на сметката кај носителот на платен промет кој треба да го изврши решението за присилна наплата.

(6) По намирување на обврските по решение за присилна наплата, носителот на платниот промет ја деблокира трансакциската сметка за што преку единствениот регистар на трансакциски сметки ги известува сите носители на платниот промет.

(7) Носителот на платниот промет може да врши платен промет за учесникот должник доколку нема други евидентирани решенија за присилна наплата.

**Член 23**

Ако учесникот во платниот промет на денот на истекот на договорот за орочување на неговите средства кај банката, има блокирана трансакциска сметка, банката не може да го продолжи договорот за орочување на средства. Банка кај која се водат орочените средства на учесникот во платниот промет чија сметка е блокирана е должна на денот на истекот на договорот за орочување на средства, средствата да ги пренесе на трансакциската сметка на учесникот во платниот промет.

**Член 24**

Доколку трансакциската сметка на учесникот во платен промет е блокирана непрекинато повеќе од 45 дена, носителот на платен промет преку единствениот регистар за трансакциски сметки го известува Централниот регистар на Република Македонија.

**Член 25**

(1) Учесникот во платниот промет не може да врши плаќање со пресметка доколку има блокирана трансакциска сметка.

Одредбата од став 1 ќе се применува од 1 јануари 2014 година

(2) Буџетските корисници, единките корисници и другите институции кои имаат сметки во Трезорската главна книга не можат да вршат плаќање со пресметка доколку имаат блокирана сметка.

(3) Јавните здравствени установи кои имаат сметки во Здравствена главна книга не можат да вршат плаќање со пресметка доколку имаат блокирана сметка.

**Член 26**

(1)Носителот на платниот промет може да наплатува надомест за вршење на работите во платниот промет според тарифа што ја утврдува носителот на платниот промет.

(2)Носителот на платниот промет е должен да ја објави тарифата на видно место во своите простории и на својата интернет страница.

**Член 27**

Носителот на платен промет на барање на учесниците и на потенцијалните учесници во платен промет е должен да им даде претходни информации за условите за извршување на платниот промет. Информациите треба да бидат во разбирлива форма и да ги содржат најмалкуследните елементи:

1) начинот на утврдување на надоместоци што учесникот во платниот промет треба да ги плати на банката за извршените трансакции (депонирање готовина, подигање готовина или трансфер од или на сметката);

2) времето за кое ќе биде одобрена банката на корисникот на трансферот по добивањето на налогот, во случај на дозначување на средства, односно времето кога била одобрена банката, во случај на прилив на средства на сметката, и

3) начинот и постапка за остварување на право на приговор и на надоместок за неизвршување и ненавремено извршување кои му се дадени на располагање на учесникот во платниот промет и начинот како да ги оствари тие права.

## IV. ЕЛЕКТРОНСКИ ПАРИ

**Член 28**

(1) Издавач на електронски пари може да биде само:

1) банка со седиште во Република Македонија која од гувернерот на Народната банка добила претходна согласност за издавање на електронски пари;

2) филијала на банка од земја-членка на Европската унија, во согласност со Законот за банки;

3) филијала на странска банка која, согласно со Законот за банки, од гувернерот

на Народната банка добила дозвола за отворање и работа и

4) друштво за издавање електронски пари, кое од гувернерот на Народната банка добило дозвола за основање и работа во согласност со овој закон.

(2) Примањето на парични средства заради издавање на електронски пари не значи примање на депозит или други повратни извори на средства во смисла на одредбите од Законот за банки, доколку електронските пари се издадат веднаш при приемот на паричните средства .

**Член 29**

(1) Електронските пари се издаваат врз основа на договор за издавање електронски пари склучен помеѓу издавач на електронски пари и физичко лице сопственик на електронски пари (во натамошниот текст: сопственик).

(2) Врз основа на договорот од став (1) од овој член, а по уплата на одредениот износ на парични средства, на сопственикот му се издаваат електронски пари со кои може да врши плаќања во износ до покритието на издадените електронски пари.

3) За издадените електронски пари сопственикот му плаќа на издавачот провизија.При плаќање со електронски пари не се наплатува провизија или други трошоци.

(4) Покритието на издадените електронски пари е во износ на уплатените парични средства, намалени за износот на извршените плаќања и наплатените провизии.

**Член 30**

Освен ако не е поинаку пропишано во овој закон, односите меѓу издавачот на електронски пари и сопственикот се уредуваат согласно со одредбите од Законот за облигациони односи.

**2. Права и обврски на издавачот и сопственикот**

**Член 31**

(1) Сопственикот може во секое време во периодот на важноста на договорот за издавање на електронски пари да побара од издавачот исплата на покритието на издадените електронски пари во полна вредност, во готови пари или со пренос на негова трансакциска сметка. Исплатата мора да се изврши во рок од најмногу осум дена по приемот на барањето за исплата.

(2) Издавачот на електронски пари нема право за исплатата од став (1) од овој член да наплатува надомест или други трошоци.

(3) Одговорноста за штета која може да произлезе во врска со ставовите (1) и (2) од овој член не може договорно да се исклучи или ограничи.

(4) Во договорот за издавање на електронски пари се утврдуваат условите за исплата, при што може да се утврди минимален износ на исплата кој не може да биде помал од 700 денари.

**Член 32**

Издавачот на електронски пари е должен да му дозволи на сопственикот пристап до информациите за покритието за издадените електронски пари.

**Член 33**

(1) Издавачот на електронски пари е одговорен пред сопственикот за изгубениот износ на покритието и за неточното извршување на плаќањето дури и ако причината за таквата загуба на покритието или неточното извршување на плаќањето е резултат на оштетен уред на кој се чуваат електронските пари или на оштетена опрема што не е под директна или ексклузивна контрола на издавачот на електронски пари.

(2) Издавачот на електронски пари може да биде ослободен од одговорноста од претходниот став ако докаже дека загубата на покритието или неточното извршување на плаќањето била предизвикана поради невнимание или намерно дејство на сопственикот.

## 3. Друштво за издавање електронски пари

**Член 34**

(1) На друштвото за издавање електронски пари соодветно се применуваат одредбите од Законот за банките кои се однесуваат на основање на банка (акционери, почетен капитал, приоритетни акции, дозвола за основање и работење, дозвола за статусни промени и упис во трговски регистар), квалификувано учество во банка и согласности на акционери, отворањето на филијали на банки од Република Македонија во странство, за Собранието на банка, управниот и надзорниот одбор на банка (согласности, број на членови, именување и надлежности), служба за внатрешна ревизија на банка, мерки (редовни и дополнителни мерки, повлекување на согласности, укинување на дозвола за основање и работење и за статусни промени), отворањето и водењето на ликвидација на банка, за отворање и водење на стечајна постапка на банка, како и одредбите кои се однесуваат на извештаи, сметководство и ревизија и прекршочни санкции, доколку со овој закон не е поинаку уредено.

(2) Начинот на примена на одредбите од став (1) од овој член на друштвата за издавање електронски пари поблиску го пропишува Советот на Народната банка .

### 3.1 Основање

**Член 35**

(1) Друштво за издавање електронски пари се основа како акционерско друштво, по претходно добиена дозвола од гувернерот на Народната банка.

(2) За основање на друштво за издавање на електронски пари потребен е почетен капитал во пари од најмалку 70 милиони денари.

(3) Друштво за издавање електронски пари е должно да ја одржува вредноста на почетниот капитал од став (2 )на овој член.

### 3.2 Управување со ризици

**Член 36**

Друштвото за издавање електронски пари мора да располага со сопствени средства како што се дефинирани во Законот за банките.

Сопствените средства не смеат да се намалат под износот на почетниот капитал од член 35 став (2) од овој закон и во секое време мора да изнесуваат најмалку 2% од повисокиот износ од состојбата на:

1) тековното салдо на сите обврски за плаќање што произлегуваат од издавањето електронски пари, или

2) просечното салдо на сите обврски за плаќање што произлегуваат од издавањето електронски пари во последните шест месеци.

**Член 37**

(1)Друштвото за издавање електронски пари е должно да вложува средства во износ најмалку во висина на тековното салдо на сите обврски по издадените електронски пари. Инвестирањето може да биде само во нискоризични и високо ликвидни средства.

(2) Видот на средствата во кои друштвата за издавање на електронски пари можат да вложуваат, обемот на вложувања, вкупно и во одделни видови на средства, методологијата за управување со ризиците кои произлегуваат од издавањето на електронските пари и вложувањата, методологијата за вреднување на средствата и начинот и содржината на известувањата во врска со вложувањата и изложеноста кон ризици, ги пропишува Советот на Народна банка.

**3.3. Активности**

**Член 38**

(1) Друштвото за издавање електронски пари не смее да врши други активности освен издавање електронски пари.

(2 )По исклучок од став (1) од овој член, друштвото за издавање електронски пари може да врши и:

1) финансиски и нефинансиски услуги поврзани со издавањето електронски пари, како што е администрирање на (управување со) електронски пари преку оперативни и други споредни услуги поврзани со издавањето на електронски пари и издавање и администрирање на други платежни средства, со исклучок на одобрување на кредити во која било форма и

2) услуги на складирање податоци на електронски уреди во име на други правни лица.

(3) Друштвото за издавање електронски пари не смее да има и да стекне капитални делови во други правни лица, освен во правни лица кои ги вршат услугите од став (2) од овој член.

## V . ПЛАТНИ СИСТЕМИ

**Член 39**

Платен систем претставува систем за пренос на средства кој е заснован на формални и стандардизирани договори и заеднички правила за обработка, пребивање и/или порамнување на плаќања помеѓу учесниците во платниот систем.

**Член 40**

(1) Учесници во платениот систем се: носителите на платен промет, клириншка куќа и агентот за порамнување.

(2)Учесниците во платниот систем во рамките на платниот систем ги вршат следните работи:

- носителот на платен промет ги извршува финансиските обврски кои произлегуваат од платните инструменти во рамките на платниот систем;

- агентот за порамнување води сметки за порамнување на учесниците во платниот систем и

- клириншката куќа врши работи на пресметка и утврдување на обврските и побарувањата на учесниците во платниот систем.

(3) Учесник во платениот систем може да извршува активност на носител на платен промет и/или агент за порамнување и/или клириншка куќа во платниот систем.

(4) Еден од учесниците во платниот систем се определува за оператор на платниот систем. Операторот на платниот систем управува и раководи со платниот систем.

(5) Учесник во платен систем може да учествува во повеќе платни системи.

**Член 41**

(1) Платен систем се основа со писмен договор за учество во платен систем помеѓу сите учесници, или помеѓу операторот на платниот систем и секој учесник.

(2) Операторот на платен систем е должен да го пријави основањето на платен систем во Народна банка пред неговото започнување со работа.

3 )Народна банка може да води сметки за порамнување на учесниците во другите платни системи;

(4) Учесниците во платниот систем можат да основаат клириншка куќа регистрирана во трговскиот регистар на Република Македонија како акционерско друштво.

**Член 42**

(1) Платниот систем мора да има правила пропишани од операторот на платниот систем.

(2) Правилата на платниот систем се дел од договорот од член 41 од овој закон и ги пропишуваат најмалку следните работи:

1) кој е оператор на платниот систем;

2) кој може да биде учесник во платниот систем;

3) начинот на вршење на пресметката и порамнувањето;

4) правата и обврските на учесниците во платниот систем;

5) терминскиот план по кој работи платниот систем;

6) времето кога налозите во системот се конечни и не може повеќе да се отповикаат;

7) начините на размена на налози во платниот систем и

8) видот и висината на плаќањата кои се основа за работата на платниот систем.

**Член 43**

(1) Пресметката за утврдување на обврските клириншката куќа може да ја врши на еден од следните начини:

1) преку сума на сите обврски на еден учесник кон друг учесник во пресметковен период (бруто принцип) или

2) како разлика на сите обврски на еден учесник и сите побарувања на еден учесник од другите учесници во системот во пресметковен период (нето принцип).

(2) Пресметката од став (1) точка 2 од овој член, може да се прави:

1) како разлика на еден од друг учесник (билатерален нето принцип) или

2) како разлика на еден учесник со сите други учесници (мултилатерален нето принцип).

**Член 44**

(1) Надзор над платните системи врши Народната банка .

(2) Начинот и методологија на надзор на платните системи ги пропишува Советот на Народната банка.

**Член 45**

(1) Критериуми и стандарди за работењето на платните системи во согласност со меѓународно прифатените стандарди ги пропишува Советот на Народна банка.

(2) Заради ефикасно функционирање на платните системи, Народна банка може да издаде писмени препораки-совети до учесниците во платниот систем или операторот на платниот систем за негово функционирање во согласност со пропишаните стандарди и да утврди рокови во кои тие треба да се усогласат со препораките.

(3) Народната банка може да му забрани на операторот на платен систем да дава услуги во платниот систем доколку не ги почитува пропишаните стандарди и препораки од овој член.

**Член 46**

(1) Правните лица кои се вклучени во работење на платен систем или вршат други услуги поврзани со плаќања се должни да доставуваат податоци од извршените активности во платниот промет до Народна банка.

(2) Содржината, начинот и роковите за доставување на податоците од став (1) на овој член ги пропишува Советот на Народна банка.

## VI . ПОРАМНУВАЊЕ ПОМЕЃУ НОСИТЕЛИТЕ НА ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ

**Член 47**

Порамнувањето помеѓу носителите на платниот промет се врши преку системот за порамнување во Народна банка.

**Член 48**

Плаќањата помеѓу учесниците во платниот промет кај различен носител на платен промет се сметаат за конечни кога резултатот од пресметката за утврдувањето на обврските кои потекнуваат од овие плаќања носителот на платниот промет го порамнува во системот за порамнување во Народна банка.

## VII . ЧУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИ

**Член 49**

(1) Носителот на платен промет е должен да ги чува платните инструменти и другите документи врз основа на кои се евидентирани промените на трансакциските сметки најмалку 5 години по истекот на календарската година во која се

евидентирани промените.

(2) Податоците од регистарот на трансакциски сметки се чуваат трајно.

Документацијата врз основа на која е отворена и затворена трансакциската сметка се чува 5 години по истекот на годината во која трансакциската сметка е затворена.

(3) Документите и податоците од ставовите (1) и (2) на овој член може да се чуваат во изворен облик или на друг соодветен начин.

## VIII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 50

(1) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на носител на платен промет ако:

1 ) не ги обезбеди пропишаните услови од член 4 од овој закон;

2) не води регистар на трансакциски сметки во својот систем (член 6 точка 2);

3) одобри извршување на плаќање кое не е преку трансакциска сметка (член 10 став (2));

4) постапува спротивно на начинот и постапката за отворање на трансакциска сметка (член 12 став (4));

5) не ја затвори трансакциската сметка доколку се исполнети условите, не го извести учесникот во платен промет за укинувањето на трансакциската сметка или не го почитува начинот и постапката за отворање и затворање на трансакциска сметка (членови 12 и13);

6) податоците за промените во својот регистар на трансакциски сметки не ги доставува до единствениот регистар на трансакциски сметки во согласност со член 15 став (1) од овој закон;

7) изврши плаќање по платен инструмент од трансакциска сметка на која нема покритие (член 19 став (1));

8) не постапи по решение за присилна наплата најдоцна наредниот ден од денот на приемот на решението за присилна наплата, решенијата за присилна наплата не ги евидентира според датумот и времето на нивното пристигнување или не ги извршува решенијата за присилна наплата според нивниот редослед (член 21);

9) не изврши конверзија во денари на средства од девизни сметки со примена на среден курс на Народната банка на Република Македонија кој важи на денот на трансакцијата или не изврши пренос на денарската сметка на учесникот во платен промет - должник до износот потребен за целосно извршување на решението за присилна наплата (член 22 став (4));

10) не ја блокира сметката или не го достави даночниот број на учесникот - должник преку единствениот регистар на трансакциски сметки до другите носители на платен промет дека не смеат да вршат плаќања од средствата на денарските и девизните сметки на учесникот - должник до потполно извршување на решението за присилна наплата (член 22 став (5));

11) по намирување на обврските по решение за присилна наплата не ја деблокира сметката или за деблокирањето на сметка не ги извести другите носители на платен промет преку единствениот регистар на трансакцискии сметки (член 22 став (6));

12) не го извести Централниот регистар за трансакциска сметка која е блокирана непрекинато повеќе од 45 дена (член 24);

13) не ја објави тарифата за надомест за вршење на работите во платниот промет на видно место во своите простории и на својата интернет страница (член 26 став (2));

14) на барање на учесникот во платниот промет не му стави на располагање информации за условите за извршување на платниот промет или условите за извршување на платниот промет не го содржат минимумот информации (член 27);

15) решенијата за присилна наплата кои ја задолжуваат трезорската сметка не ги извршува со изготвување на налози за извршување кои ги доставува за извршување до Трезорот (член 8 став (1));

16) не ги извршува финансиските обврски кои произлегуваат од платните инструменти во рамките на платниот систем (член 40 став (2) алинеја 1) и

17) е учесник во платен систем без да склучи договор за основање на платен систем или е учесник во платен систем без да склучи договор со операторот на платен систем (член 41 став (1)).

(2) Покрај глобата за дејствијата од став (1) точки 1, 6 и 8 на овој член на носителот на платен промет ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење дејност во траење од шест месеци до пет години.

(3)Глоба во износ од 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице кај носителот на платен промет.

(4) Покрај глобата за дејствијата од став (1) точки 1, 6 и 8 на овој член на одговорното лице кај носителот на платен промет ќе му се изрече и прекршочна санкција, забрана за вршење професија, дејност или должност во траење од една година до пет години.

**Член 51**

(1) Глоба во износ од 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на учесникот во платен промет-правно лице ако:

1)не го извести писмено носителот на платниот промет кај кого има трансакциска сметка за настанати статусни и други промени (член 14 );

2) не ги уплати најдоцна наредниот работен ден на своја трансакциска сметка примените парични средства во готово по која било основа (член 20 став (3));

3) има блокирана трансакциска сметка, а врши плаќање со пресметка (член 25-став (1)).

(2) Покрај глобата за дејствијата од став (1) точки 1 и 3 на овој член на учесникот во платен промет-правно лице ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење дејност во траење од шест месеци до пет години.

(3) Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице кај учесникот во платен промет-правно лице.

(4) Покрај глобата за дејствијата од став (1) точки 1 и 3 на овој член на одговорното лице кај учесникот во платен промет-правно лице ќе му се изрече и прекршочна санкција, забрана за вршење професија, дејност или должност во траење од една година до пет години.

**Член 52**

(1) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно или физичко лице ако издава електронски пари, а не ги исполнува условите за издавање на електронски пари пропишани со овој закон.

(2) Покрај глобата за дејствието од став (1) на овој член на правно лице ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење дејност во траење од шест месеци до пет години.

(3) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице кај правното лице.

(4) Покрај глобата за дејствието од став (1) на овој член на одговорното лице кај правното лице од став (1) на овој член ќе му се изрече и прекршочна санкција, привремена забрана за вршење дејност или должност во траење од една година до пет години.

(5) Покрај глобата за дејствието од став (1) на овој член, на физичкото лице ќе му се изрече и прекршочна санкција, привремена забрана за вршење дејност или должност во траење од една година до пет години.

(6) За прекршокот од став (1) на овој член, сторен од користољубие или со кој се предизвикува поголема имотна штета на правното лице или на физичкото лице и на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече прекршочна санкција – глоба до двојниот износ на максимумот на оваа санкција или во сразмер со висината на причинетата или прибавената имотна корист.

**Член 53**

(1) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на издавач на електронски пари ако:

1) издаде електронски пари без да склучи договор за издавање на електронски пари (член 29 став (1));

2) на сопственикот на електронските пари не му овозможи исплата на покритието на издадените електронски пари или исплатата не ја изврши во рок од осум дена од приемот на барањето за исплата (член 31став (1));

3) за исплатата од член 31 став 1 на овој закон наплатува надомест или други трошоци (член 31 став (2));

4) на сопственикот на електронски пари не му дозволи пристап до информациите за салдото и покритието за издадените електронски пари (член 32);

5) не вложува средства во износ најмалку во висина на тековните обврски по издадените електронски пари или вложувањето е во високоризични и/или нисоко ликвидни средства (член 37 став (1)) и

6) врши други активности освен издавањето на електронски пари (член 38 став (1)).

(2) Покрај глобата за дејствијата од став (1) точки 1, 3 и 5 на овој член на издавачот на електронски пари ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење дејност во траење од шест месеци до пет години.

(3) Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице кај издавачот на електронски пари.

(4) Покрај глобата за дејствијата од став (1) точки 1, 3 и 5 на овој член на одговорното лице кај издавачот на електронски пари ќе му се изрече и прекршочна

санкција, забрана за вршење професија, дејност или должност во траење од една година до пет години.

**Член 54**

(1) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече за прекршок на клириншка куќа ако:

1) не го води единствениот регистар на трансакциски сметки (член 15 став (2));

2) трансакциските сметки од единствениот регистар кој го води не ги доставува до Трезорот (член 9 став (2));

3) не ги врши работите на пресметка и утврдување на обврските и побарувањата на учесниците во платниот систем (член 40 став (2) алинеја 3);

4) е учесник во платен систем без да склучи договор за основање на платен систем или е учесник во платен систем без да склучи договор со операторот на платен систем (член 41 став (1)), и

5) пресметката за утврдување на обврските не ја врши согласно со член 43 од овој закон.

(2) Покрај глобата за дејствијата од став (1) точка 1 на овој член на клириншката куќа ќе и се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење дејност во траење од шест месеци до пет години.

(3) Глоба во износ од 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во клириншката куќа.

(4) Покрај глобата за дејствијата од став (1) точка 1 на овој член на одговорното лице во клириншката куќа ќе му се изрече и прекршочна санкција, забрана за вршење професија, дејност или должност во траење од една година до пет години.

**Член 55**

(1)Глоба во износ од 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на операторот на платен систем ако:

1) не ја извести Народната банка за започнување со работа (член 41 став (2));

2) не пропише правила на платниот систем (член 42 став (1));

3) не ја почитува забраната на Народната банка (член 45 став (3)).

(2) Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во операторот на платниот систем.

**Член 56**

(1) Глоба во износ од 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правно лице вклучено во работење на платен систем или правно лице кое врши други услуги поврзани со плаќања ако до Народна банка не достави податоци од извршени активности во платниот промет(член 46 став (1)).

(2) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице од став (1) на овој член.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 57

Носителите на платниот промет се должни сите трансакциски сметки да ги пријават во Единствениот регистар на трансакциски сметки најдоцна до 31 декември 2007 година.

### Член 58

Акцептните налози издадени заклучно со 30 јуни 2001 година ќе се извршуваат до целосна нивна наплата.

### Член 59

Обврската од член 11 од овој закон, банките се должни да ја вршат најдоцна до 31 декември 2008 година.

### Член 60

Учесниците во платните системи и операторите на платни системи кои веќе работат, се должни да го пријават своето работење во Народна банка во рок од 30 дена од влегувањето во сила на овој закон.

### Член 61

Подзаконските прописи кои произлегуваат од овој закон ќе се донесат најдоцна до 31.12.2010 година.

### Член 62

Со денот на применување на овој закон, престанува да важи Законот за платниот промет ("Службен весник на Република Македонија" број 32/01, 50/01, 52/01, 103/01, 37/02, 41/02, 61/02, 42/03 и 13/06).

### Член 63

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија ".